

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Октомври, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 04.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа јавниот обвинител се произнесе по листата на докази предложени од одбраната на обвинетите.

На 08.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

На 12.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитувано вешто лице.

На 19.10.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на техничкиот советник предложен од одбраната на обвинетите.

На 21.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано 1 вешто лице.

На 29.10.2021 година на рочиштето за главна расправа се испитуваше првообвинетиот.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 01.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на јавното обвинителство.

На 12.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

На 25.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази на јавното обвинителство и беше испитан 1 сведок.

На 28.10.2021 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 05.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од одбраната.

На 18.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од одбраната.

На 28.10.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 01.10.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на бранител.

На 06.10.2021 година, рочиштето за главна расправа започна одново поради промена на судечкиот совет. Странките ги дадоа своите воведни говори.

На 22.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на јавното обвинителство.

На 25.10.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителите.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 07.10.2021 година, рочиштето за главна расправа расправа започна одново поради промена на судечкиот совет. Странките ги дадоа своите воведни говори, а постапката продолжи со изведување на материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 27.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 3 сведоци.

**„ТИТАНИК 2“ КОК-7/20**

На 26.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од одбраната.

**„ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20**

На 20.10.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинет кој се наоѓа во изолација.

**„ДИАМЕД“ КОК-44/21**

На 21.10.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

**„ЧЛЕН НА СУДЕЧКИ СОВЕТ З.Т.“ КОК-27/21**

На 04.10.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 06.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на одбраната на третообвинетата. Судот донесе решение за исклучување на јавноста на ова рочиште, а беше дозволено присуство на набљудувач на Коалицијата во својство на стручна јавност.

На 15.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални и вербални докази предложени од одбраната. На рочиштето, од страна на првообвинетиот беше поднесено барање за изземање на судечкиот судија.

На 21.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на одбраната.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

На 27.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа постапката започна одново поради протек од 90 дена.

**„ДРУМАРИНА“ К-2799/20**

На 29.10.2021 година на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази на јавното обвинителство.

### „КАМПАЊА“ К-416/21

На 13.10.2021 година, рочиште беше одложено поради тоа што списите на предметот не се вратени од Апелациониот суд.

### „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 14.10.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

### „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 12.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

На 29.10.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на одбраната.

### „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 05.10.2021 година, рочиштето за главна расправа одложено поради отсуство на бранителот на обвинетиот.

### „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 12.10.2021 година, рочиштето за главна расправа рочиште се одложи поради отсуство на обвинетиот и неговиот бранител.